Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет „Јустинијан Први"
бр. 02-871/5
17.09.2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и член 58, став 1, точка 13 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 16.09.2020 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за начин на реализација на наставата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во зимски семестар во учебната 2020/2021 година**

1. Наставата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година ќе се спроведува online со примена на видеоконференциската платформа Microsoft Teams.

2. Секој наставник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје е должен да отвори линк за спроведување настава на видеоконференциската платформа Microsoft Teams, согласно одлуката за распоред на работни задачи и распоредот за настава за учебната 2020/21 година, како и согласно распоредот на студентите по групи за настава.

3. Секој наставник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје е должен да отвори линк за online приемно време за консултации со студенти, на видеоконференциската платформа Microsoft Teams, коешто online приемно време ќе биде објавено на интернет страната на Факултетот.

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

5. По еден примерок од Одлуката да се достави до наставниците на Факултетот, продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, советникот за ИКТ и архивата на Факултетот.

ДЕКАН,
Проф.д-р Горан Коевски